# ЕПАЛЕ

## Електронска платформа за учење на возрасните во Европа

http://ec.europa.eu/epale/

## Добредојдовте во ЕПАЛЕ

**ЕПАЛЕ** (Electronic Platform for Adult Learning in Europe) е европска, отворена, мултилингвална платформа наменета за сите кои имаат, или сакаат да имаат, професионална улога во образованието за возрасни во Европа. Основана е во 2014 година од страна на Генералниот директорат за образование, млади, спорт и култура на Европската комисија, како резулат на предизвиците во областа на образованието на возрасните низ цела Европа, како што се: разновидност на секторот, разлики помеѓу системите за образование за возрасни, ниското ниво на соработка помеѓу државите, финансирањето итн.

Наменета е за наставници, професори, тренери, истражувачи, донесувачи на одлуки, едукатори, студенти од областа на образованието за возрасни. Индивидуални лица, исто така, можат да се приклучат кон Платформата, без оглед дали се вработени, вработени на одредено време, хонорарни соработници, волонтери или независни експерти.

ЕПАЛЕ платформата се фокусира на теми поврзани со обуката во образованието за возрасните кои се многу разновидни. Таа овозможува интерактивен пристап кој подразбира активно учество на корисниците и дава можности за:

- Усовршување на знаењето преку расположливите ресурси на Платформата (публикации, научни трудови, блогови и други разновидни содржини);
- Размена на искуства со колеги од Европа на теми поврзани со образованието за возрасни.

## Како РЕГИСТРИРАН ЧЛЕН во ЕПАЛЕ можете:

- Да иницирате и/или учествувате во дискусии на различни теми од областа на образованието за возрасните низ цела Европа;
- Да размените идеи, ресурси и добри практики;
- Да креирате сопствен простор за соработка, кој овозможува во ограничена и затворена група да ги разгледувате идеите за тековни и/или идни проекти со вашите партнери;
- Ја промовирате вашата организација/институција, активностите кои ги спроведува и резултатите кои ги постигнува на поширок круг заинтересирани лица;

Да го подигнете нивото на интернационализација на вашата работа, да пронајдете партнери за идни проекти и да ја изградите вашата транс-национална мрежа;

Да прикачите блогови, настани и ресурси.

Покрај наведените можности, ЕПАЛЕ им овозможува на институциите да ја презентираат својата работа и да се приклучат во базата на инстуции, со што стануваат видливи и лесно можат да бидат препознаени од други институции за вклучување во заеднички проекти. ЕПАЛЕ, исто така, им дава можност на поединците и институциите да се подготват за учество во осмислување и спроведување на овие проекти, со што можат да придонесат кон унапредување на образованието за возрасни.

## Национален сервис за поддршка

Од 2019 година, за првпат, Република Северна Македонија се приклучува на европското семејство на ЕПАЛЕ мрежата. ЕПАЛЕ Националниот сервис за поддршка на Република Северна Македонија функционира во рамките на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

ЕПАЛЕ НСП ја идентификува важната содржина на национално ниво, воспоставува и одржува контакти со социјалните партнери во државата, како и другите НСП.

ЕПАЛЕ Националниот сервис за поддршка овозможува техничка поддршка и водство на регистрираните членови на ЕПАЛЕ платформата за сите прашања кои се однесуваат на регистрација, како да се пронајде одредена содржина или функција на порталот (на пример, каде може да се објави настан), како и во случај на технички потешкотии при користење на Платформата. Покрај тоа, Националниот сервис за поддршка спроведува активности, со цел за поддршка на секторот за образование за возрасни: семинари, конференции, обуки, работилници и други активности.

Активности во првите години:

Промовирање на значењето на образованието за возрасни и приближување на можностите на Платформата до различни целни групи;

Подигнување на свеста за значењето на образованието на возрасни и неговото подобро позиционирање во образовната политика;

Подигнување на степенот на интерниционализација на институциите во образованието за возрасни преку промовирање можности за вклучување во заеднички проекти;

Активно користење на EPALE како важен извор за образованието на возрасните.

## Наши активности во 2019 година

Повеќе од 200 регистрирани корисници на ЕПАЛЕ од Република Северна Македонија;

Преку 100 постови од македонски корисници прикачени на Платформата;

Преку 20 промотивни настани организирани од страна на НСП и ЕПАЛЕ амбасадорките;

ЕПАЛЕ презентирана пред преставници на општини, провајдери на образование за возрасни, национални работни групи, невладини организации, студенти на андрагошки и педагошки науки, културни институции, библиотеки, музеи и бизнис секторот;

Обучени амбасадорки;

Повеќе блог постови преземени, преведени и објавени на други јазици;

Еден блог пост прогласен меѓу трите најчитани постови на ЕПАЛЕ во месец октомври 2019 година;

Остварена соработка со Нациналниот координатор за спроведување на агендата за учење во Европа, МОН, Центар за образование на возрасните, Епале националните сервиси за поддршка во регионот и пошироко;

Преку 1600 следбеници на ЕПАЛЕ на социјалните медиуми;

Остварена синергија со други ЕУ програми и мрежи.

## Тематски фокуси за 2020 година

Јануари, февруари, март: „Свесност за животната средина и заштита";

Април, мај, јуни: „Дигитални вештини како начин како да се обезбедат можности за учење";

Јули, август, септември: „Можности за стекнување основни вештини";

Октомври, ноември, декември: „Социјално вклучување на популацијата која старее и меѓугенерациско учење".



http://ec.europa.eu/epale/

## Како да регистрирам свој профил во ЕПАЛЕ

Пополнете го Формуларот за регистрација;

Проверете уште еднаш дали наведените податоци се точни, особено електронските адреси и телефонскиот број;

Проверете ја вашата електронска пошта - наскоро по регистрацијата ќе добиете порака со потврда за успешно започнат процес на регистрација;

Во рок од неколку дена, на истата адреса ќе добиете порака со линк за пристап до Платформата. Ставете лозинка, и со тоа регистрацијата е комплетирана;

Вашиот профил е активен, и видлив. Можете да креирате содржини (блогови, вести, настани, ресурси), да учествувате во дискусии, коментирате содржини и да имате пристап до секцијата Заедници за размена на искуства.

## Како да објавам БЛОГ пост на ЕПАЛЕ

Сакаш да споделиш свое размислување на одредена тема поврзана со образованието за возрасни? Размени ги своите размислувања со колегите од цела Европа! Објавувањето блог на ЕПАЛЕ е навистина едноставно, само следи ги следниве неколку чекори.

Чекор 1: Размисли: Избери интересна и актуелна тема поврзана со образованието за возрасни;

Чекор 2: Напиши: Напиши го својот блог пост. Биди креативен/а;

Чекор 3: Провери: Провери дали твојот пост е во согласност со издавачката политика на About page;

Чекор 4: Прикачи: Кликни „Предложи Блог пост“ во секцијата Блог за да го прикачиш твојот пост;

Чекор 5: Одобрување: Кога блогот ќе биде одобрен од ЕПАЛЕ Нациналниот сервис за поддршка, ќе биде видлив на платформата.

http://ec.europa.eu/epale/

## Како да објавам НАСТАН на ЕПАЛЕ

Дали знаеш некој што организира, или вашата организација организира, некој настан (конференција, настан, обука, курс, МООК итн) за образование за возрасни? Промовирај го твојот настан низ цела Европа само во неколку чекори. Мало потсетување: За разлика од другите постови, НАСТАНИТЕ можат да бидат објавени и на македонски јазик!

Чекор 1: Провери: Можеби настанот е веќе објавен на ЕПАЛЕ;

Чекор 2: Објасни: Кликни „Suggest an event” и пополни ги сите полиња што се бараат;

Чекор 3: Провери: Провери дали твојот пост е во согласност со издавачката политика на About page;

Чекор 4: Прикачи: Кликни „Предложи Новост“ во секцијата Новости за да го прикачиш твојот пост;

Чекор 5: Одобрување: Кога постот ќе биде одобрен од ЕПАЛЕ Нациналниот сервис за поддршка, ќе биде видлив на платформата.

## Како да објавам ВЕСТ на ЕПАЛЕ

Имаш било каква вест поврзана со образованието за возрасни? Размени ги своите вести со колегите од цела Европа! Објавувањето ВЕСТ на ЕПАЛЕ е навистина едноставно, само следи ги следниве неколку чекори.

Чекор 1: Провери: Можеби веста е веќе прикачена на ЕПАЛЕ;

Чекор 2: Напиши: Напиши ја веста со сопствени зборови и наведи го изворот;

Чекор 3: Контролирај: Провери дали внесените податоци се точни и дали се почитувани правилата за споделување;

Чекор 4: Одобрување: Кога постот ќе биде одобрен од ЕПАЛЕ Нациналниот сервис за поддршка, ќе биде видлив на платформата;

Чекор 5: Сподели: Откако ќе биде објавен настанот, со едноставно копирање на линкот истиот можеш лесно да го споделиш на социјалните медиуми, или да го испратиш на соодветните електронски адреси.

http://ec.europa.eu/epale/

# Како да објавам РЕСУРС на ЕПАЛЕ

Во твојата работа често креираш различни извештаи, анализи и други трудови од областа на образованието за возрасни? Размени ги своите ресурси со колегите од цела Европа! Објавувањето ВЕСТ на ЕПАЛЕ е навистина едноставно, само следи ги следниве неколку чекори.

Чекор 1: Провери: Во Ресурсниот центар секојдневно се објавуваат голем број ресурси. Провери дали можеби твојот ресурс е веќе таму;

Чекор 2: Објасни: Кликни во „Suggest new resource" и напиши краток вовед за твојот ресурс;

Чекор 3: Прикачи: Прикачи го ресурсот и наведи го линкот во соодветното поле;

Чекор 4: Контролирај: Провери дали внесените податоци се точни и дали се почитувани правилата за споделување;

Чекор 5: Одобрување: Кога постот ќе биде одобрен од ЕПАЛЕ Нациналниот сервис за поддршка, ќе биде видлив на платформата.

## Насоки за квалитет

Објавите треба задолжително да се однесуваат на теми поврзани со образованието за возрасни, националните и европските приоритети, како и на работата на лицата кои се занимаваат со образование за возрасни. Текстот треба да следи кохерентен, структуриран и логичен тек. Текстовите треба да бидат кратки, со јасни и лесно читливи реченици и приспособени за објава на интернет. Доколку е можно, се користат поднаслови, кратки пасоси, листи и означување на поважни работи.

Јазик - Користиме англиски јазик. Објавите можат да бидат објавени и на македонски јазик, со што Националниот сервис за поддршка ќе обезбеди превод. На македонски јазик можат да се објавуваат само настани.

Правопис и граматика – објавените текстови се граматички точни, без печатни грешки.



ЕПАЛЕ Национален сервис за поддршка
*EPALE National Suport Service*
Национална агенција за европски програми и мобилност
*National Agency for European Educational Programmes and Mobility*
epale@na.org.mk
++389 2 3109 045
Facebook: EPALE North Macedonia
„Кузман Јосифовски-Питу" бр.17, Скопје
*"Kuzman Josifovski Pitu" nr. 17 Skopje*
Република Северна Македонија
*Republic of North Macedonia*

NATIONAL AGENCY for European Educational Programmes and Mobility
With the support of the Erasmus+ Programme of the European Union
EPALE
Северна Македонија
http://ec.europa.eu/epale/